# СОВРЕМЕНО МАКЕДОНСКО СЛИКАРСТВО

## — МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА

САЛОН НА МУЗЕЈОТ — ЃУРО САЛАЈ 34

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# СОВРЕМЕНО МАКЕДОНСКО СЛИКАРСТВО

## МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА

СКОПЈЕ 7. III.—2. IV. 1967

Втората изложба на Музејот на современата уметност во Скопје која има за цел да ја прикаже и афирмира младата генерација на македонските ликовни творци, е изложбата на сликари кои на разни начини и припаѓаат на таа генерација.

Она што ги обединува овие млади уметници се не формални рамки (возраст, школување) туку отвореност за една клима на некаква „дионизиска" слобода на секој творечки зафат.

Кај нив, како и кај младите македонски скулптори, се суочуваме (иако во релативно помала мерка) со творечки интерес и комуникација со националното тло, родниот крај искажано низ нова ликовна интерпретација и со прилично хетерогени ликовни резултати. Овие млади сликари ги прикажаа досега на скопската,а некои и на белградската публика, преку самостојни или колективни настапи, своите творечки настојувања засегнати од извесни современи ликовни правци во светот: од надреализмот (магичниот реализам, метафизичкото сликарство), асоцијативното сликарство, експресионизмот, геометриската и лирската апстракција, апстрактниот пејсажизам, па сé до новата фигурација. Како некаква општа константа може да се истакне емоционално-естетскиот афинитет на поголемиот дел од овие уметници кон синтеза на реалното и визуелно даденото и имагинарното потсвесното.

Првите творби на АНАСТАСОВ РОДОЉУБ значеа ехо на една бизарност и егзотичност, чувствување на стилско колебање, неодреденост меѓу фигуративен и нефигуративен израз. Потоа полека стана приврзеник на енформелот. Неговите последни слики, ја потенцираат вредноста на чулното, интуитивното и емотивното доживување на визуелната природа: изразувајќи ја на некој начин, во одреден момент и во извесна смисла психолошката состојба на единката во конфликт со себе и времето во кое свесно или несвесно таа се одразува.

„Платната од 1965 и 1966 откриваат своевидна ликовна катарза. Палетата станува почиста, сликаните површини добиваат значење на синтетички колористички плохи. Сфуматурите и преливите се поврзуваат и укинуваат, а дебелите наноси на сликарската материја добиваат звук на цврст и изграден став и искуство. Во исто време сликата станува сé поавтономна ликовна проблематика" (Борис Петковски).

Во тој личен психолошко интелектуален конгломерат со поетско симболични призвуци, Анастасов ни транспонира непознати состојби на духот и длабоко внатрешно движење на човековото битие.

Сликарството на ГЛИГОРОВА ИЛИНКА е уметност на сон, фантазија и јава во кои влегуваат, се испреплетуваат и живеат во симбиоза стилските елементи на метафизичкиот и магичниот реализам и надреализмот. Таа го гради својот стил на принципите на полуапстрактни композиции, чии делови потонати во магијата на сонот почнуваат да се раздвижуваат, растопуваат и да ги менуваат облиците. Во тој компромис на реално свесното и надреалното потсвесното во тој имагинарен и полуапстрактен надреализам се создадени нејзините. композиции во кои облаците, шумите, целата флора и фауна создаваат разновидни потоци на форми.

Размислувањата и сонувањата за движењата на светлината и на космосот, дополнети со лирско импулсивен поттекст, полека се метаморфозираат во строги, вонвременски пејсажи, со чудни халуцинантни обележја: во кои, сепак, главни актери се растенијата и животните. Во тие визии на потсвесното, во тие треперења на суксесивни ритмови, исчезнувања, магловитости, вртоглавици и балансирања, Глигорова тежи кон овоплотување на духот во материјата, кон нивно апсолутно поистоветување.

Палетата кај Глигорова е понекогаш задушена, ликовната мисла претешка.

Најбитната компонента во творештвото на ЕФРЕМОВ КИРИЛ е надреалистичката визија. Ефремов настојува постојано да ја хуманизира својата духовна и емотивна супстанца. Во тој напор, често наивно — романтично обоен, се состои основната ознака на неговото сликарство. Во измазнетите, магловити фонови на неговите први слики, во таа доста исфорсирана надреално-барокна атмосфера и метафизичка вознемиреност на меѓусебни игри на сон и јава: во која се одигруваат драматични сцени и апокалиптични настани, човековото присуство е наметнато преку сензуалното инкарнирање на женскиот акт („Нирвана", „Воспеани форми"). Потоа Ефремов стана уште повешт по предавањето на актот, како неопходна компонента на самата композиција: таа е вклучена во транспозицијата на природата, во која структурите, облиени со светлосни бранови создаваат пејсажи на сонот; еден друг свет во кој има нешто ориентално, воздушесто и недосежно, сликајќи во симбиоза на класично-модерни акценти и халуцинантна и кошмарна сфера.

Ликовните преокупации на ЈАНКУЛОВСКИ АЛЕКСАНДАР се од сосема други аспекти и инспирации. Уметникот се обидува да навлезе во човековиот организам, во неговата анатомско-физиолошка структура и низ таков еден вид на сондирање во човечкото тело, тој создава своја специфична транскрипција за него како биолошко постоење. Упорно заинтересиран за она што во човекот се крие, Јанкуловски сведочи за една вознемирена, морбидна психологија која смислата на човековата егзистенција ја бара во биолошката структура на единката. Во последните дела уметникот ја напушта речиси наеднаш таа проблематика, се свртува кон енформелот, за во него да даде оддишка на својот темперамент и уметнички потенцијали. Во некои од нив, како например во „Спомен", видно е едно нагло ослободување од темниот колорит и мрачното расположение, со друг пристап кон структурата на сликата. Во некои дела ова станува пренагласено настојување — таа

натуралистичка, антиестетска желба за откривање на енигмите, сокриени во самото човечко тело. Воедно, уметникот е преокупиран со отварање на сликата, со желба да ѝ даде тродимензионален карактер.

Под импресија на модерната архитектоника и градскиот урбанизам, ПЕРЧИНКОВ ДУШАН претставува посебна појава во современиот ликовен израз во Македонија. Динамизмот на формата тој го сведува на нејзините елементарни геометриски знаци, ги елиминира промислено деталите, сметајќи ги естетско-ликовно ирелевантни: за да го сведе сé она што е акцидентално на еден општ и единствен впечаток. Градот, како преокупација, прераснува во неговата сликарска визија во хоризонтали, вертикали и дијагонали — всушност, плод на дефинитивно расчистување со она што е стварност и со она што е илузија. Перчинков е свесен дека романтиката сé повеќе му припаѓа на минатото, а современата техника и модерниот урбанизам и припаѓаат на денешницата и на она „утре" што треба да дојде.

Ако речеме дека Перчинков твори во духот на геометриската апстракција, тоа ќе ни послужи само како пошироко стилско дефинирање на неговиот сликарски опус: неговата линеарно-конструктивистичка експресија не е математичка алхемија или стриктна геометриска апстракција. Напротив: геометриските модулации во неговите платна (со вметнати надреалистички примеси) го доведуваат во ситуација да не се откаже од непосредните контакти со реалноста („Море", „Езеро"). Перчинков не се затвора никогаш во архитектонската структура на една однапред конструирана шема. Тоа е во извесна смисла како и кај Мортенсен: апстрактно сликарство, конструкција на линии и површини каде се вклучуваат шематизирани форми излезени директно од природата.

Една од основните цели во неговото сликарство е да ја поврже спонтаната, експресивна форма со една обмислена конструкција, да најде врска меѓу имагинацијата и размислувањето. Притоа, предимство ѝ дава на линијата како индивидуална експресивна вредност; индивидуалноста на линијата, сензибилноста на боите, суптилната атмосфера, деликатната фактура, чистите и прозрачни тонови му даваат атрибути на церебрален сликар — поет.

МОМЧИЛО ПЕТРОВСКИ со подеднаков афинитет ги третира и цртежот и сликата. Цртежите на Момчило се сугестивни и полнокрвни, „... смела потврда на неговиот творечки стремеж да се долови најсуптилната вибрација на цртачката линија, да ѝ се даде лирски волумен и со неа се надрасне класичната концепција на цртежот" (Звонко Стојановиќ). Во сликите од неговата прва самостојна изложба во Скопје, контрастите на светло и темно, магијата на белото и црното, потсетуваат на илузија на создавањето на светот и човекот како негов интегрален дел, на судирот на човекот со времето и неговата ефемерност.

Она што треба да го бараме во сликите на Петровски, тоа е дел од надворешноста на стварноста која се проецира во делото, во извесно симболично испреплетување со нејзината внатрешна реалност, што е способна да ја модифицира онаа другата, надворешната.

Можеби најдарно би можеле да го разбереме уметниковото определување кон асоцијативното сликарство, во неговото дело „Лето во Стоби". Во него тој е сликар на летото и летните радости. Летото му индицира органски контекст, кој всушност претставува егзалтација на светлосната распаленост од бои: летото е сезона на големите емоции, со најголем ефективен потенцијал и најголемо ширење на перспективната визија. Во ова дело тој е сведок за една космичка радост, егзалтација на хармоничните врски што го поврзуваат човекот со природата. Колористичката гама е сведена на хроматски нијански кои сугестивно ја предаваат атмосферата на летото.

РИСТЕСКА ЕЛЕНА се изразува со бесформни наноси на разновидни фактури на „непиктурални" материи т.е. преку модерни технички проседеи. Инаку таа е сета преокупирана и тематски свртена кон пиктурално транспонирање на пејсажот, во поширока смисла: пејсажи од младоста на сликарката, пејсажи сврзани за морето или видени непосредно пред творечкиот акт, пејсажи на сонот итн. Оној што ќе го бара класичниот пејсаж во овие дела не ќе го најде, зошто се тоа всушност пејсажи во помала или поголема мерка апстрактно презентирани, пејсажи кои со својата бујност, динамичност и богатство сведочат за природните богатства на земјата. А за тоа придонесува и самиот начин на третирањето на материјалот. Потезите и линиите се прилично слободни и широки, динамични и штедри, како во употребата на материјалот така и во непосредниот творечки акт. При тоа, сликата е лишена од идилични и идеализирани акценти, следејќи ја стриктно својата интенција: да се прикаже природата со сета своја суровост, робусност и супериорност.

Во своите ликовни почетоци АЛЕКСАНДАР РИСТЕСКИ, „е сиот во настојувања што го сврзуваат со фовизмот и експресионизмот . . . неговите слики („Акт", „Портрет I", „Портрет II", „Пејсаж", „Мртва природа"") создаваат една феерија на бои, а деформацијата и рудиментарноста на формите на нештата и на човечката фигура вршат функција на толкувач на еден робустен, немирен и страсно заинтересиран однос кон животот" (Борис Петковски).

Во последните творби Ристески достигнува до нова дефиниција на просторот, воедно динамична и хроматска. Оваа гестикуларна морфологија е интинуитивна и не почива врз никаква концептуална дијалектика на материјата. Светот на Ристески е жесток, динамичен и агресивен, инспириран од самата природа. Зборува за пасиониран уметник, за духовен амбиент исполнет со пренагласен, но неодреден револт, открива темен, драматичен свет означен со конвулсии и природни драми. Стилскиот акцент

е апстрактно-експесионистички, често пати непристапен и колористички пресилен, давајќи им на предметите и пејсажите интензивен карактер.

Во оваа привидна апстракција всушност е присутно македонското поднебје со својата географска морфологија: ниви и афиони. Така Ристески го запазува односот со природата и реалноста; тој ја чувствува нивната присутност и вредност, но не интервенира прку адектватно и буквално прикажување на формата. Неговата „фигурација" е раскината од жестоки и динамични ритмови.

Во платната на ТАШКОВСКИ ВАСКО се сретнуваат надреалистички ноти, проектирање на антропоморфни форми, трансформирани низ опсесијата на свеста. Сензибилното оживување на површината и апокалиптичната визија на космичките катастрофи, испреплетени со основната преокупација на уметникот; питорескниот подводен амбиент на мориња та (нивната флора и фауна), дескрипцијата на тој немирен, длабинско-мистериозен свет, останува во доменот на неговите ликовни интенции.

Со широки, смели, динамични и арабескни потези и ритмички текстури, тој ни ги сугерира со блага и убедлива сила ветрот, огнот, светлината и целата комплексна природа во која се одразуваат емоциите на срцето и реакциите на битието. Ташковски истовремено ги користи визионерските искуства, ги интерпретира сеќавањата и реминисценциите кои му ги пружа свесната примена на психолошките појави.

„На сликите на ТЕМКОВА АНА горат со некаков пригушен, а сепак интензивен сјај боите на детството, се згуснува густа и топла атмосфера на сеќавањата", така Влада Урошевиќ го окарактеризира нејзиниот прв настап во Скопје, на есенската изложба на ДЛУМ (1966).

Мртвите природи, портретите и топлата домашна интимност, нивната егзистенцијална загадочност, обликувани во духот на извесен интимистички „бонаризам", се фундаменталните ликовни преокупации на Темкова. Сликарката си спомнува за детството, го бара оригиналното во човекот, она чедно, непоматено, суптилно, инфантилно што останало во нас, а кое времето неуспеало да го избрише. Најновите нејзини слики со својот поетско-симболичен, наративен карактер потсетуваат на онаа раскажувачка уметност на Јан Вос: разни предмети и личности во необјасниви ситуации се инфилтрираат во поетската евокација на нејзиниот внатрешен свет, во константна и интимна врска со духовната клима во која таа делувала и делува. Тоа е всушност минијатурно општество во кое разновидните делови живеат во меѓусебна врска, во кое формите, боите и линиите соработуваат предизвикувајќи контрасти, хармонии и напнатости, како на пиктуралната површина така и во свеста на гледачот.

Сликарството на ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР претставува своевидно доживување на интимните уметникови визии и преокупации, примени директно од околината и што го окупираат како сликарска бизарност, како емотивно раздвижување, како сликарски проблем. Чемерски не ги подценува животните импулси, го набљудува целиот комплексен свет, од најмалото — минералите, вегетативните текстури до најголемото — небото и безграничниот простор. Уметникот низ тој конгломерат од поетска еуфоричност и надреална метафизичност, доближувајќи се до духот на новата фигурација, ја предава синтезата на човекот и пејсажот; таа нивна зависност и поистоветување предадени се со носталгични акорди и реминисценции. Но и таму каде поистоветувањата се испреплетуваат и стопуваат, се назираат сеуште контурите на суштеството. И во оној момент кога синтезата на човекот и пејсажот ја достигнува кулминантната точка тој ѝ препушта на фантазијата и инвенцијата на набљудувачот да го видат она што тој во својата свест го претпоставува како егзистентно.

Неговите дела се симбиоза на спонтана фантазија, т. е. на онаа иста основа на која почива и народната уметност (чиј митско-легендарен карактер, најкарактеристично се овоплотува во неговите творби), затоа што всушност создавач на уметноста е самиот човек, сврзан за другите луѓе и за мистериите на природата.

И ШЕМОВ СИМОН работи истовремено на цртежот и сликата не давајќи приоритет било на едната или на другата како на ликовни изразни средства. Неговото творештво дише со силна љубов кон природата, нејзината флора и фауна, создавајќи лирско — елегична визија во која предимство не му е дадено на човекот туку на пејсажот, во чии прегратки почива целиот жив свет. Творбите на Шемов го евоцираат вриењето на природните елементи, цутењето на пупките, вибрациите на воздухот и светлината, бујноста на флората, воздушестите треперења на природата.

Преминот кон редуцирана, преобразена реалност, во неговите последни слики, добива дефинитивна физионимија на мошне едноставен начин: од редукција на предметот, до негова синтеза, шема и знак. Во овие дела хроматскиот квалитетот на бојата има потенциран интензитет, што надминува секаква натуралистичка карактеризација. Низ таа апстракција формите и линиите се испреплетуваат предизвикувајќи звучна, сочна, поетска игра на бои, низ сензибилно почувствувани и поставени односи. Во последтите негови слики видни се, истовремено, едно настојување кон поголема површинска и линеарна читливост, синтетичност на формите и динамичност на композицијата од една страна; од друга страна еуфорична, „дионизиска", „орфична" визија на природата, пиктуралното разбрано како носител на пантеизмот, слевање на сето органско и неорганско постоење.

Денес сеуште е тешко да се дефинираат во потполност профилите и конечните домети на овие млади уметници; но, во секој случај, нивната присутност во нашата современост станува сé повидна. Тие придонесуваат кон тоа актуелната ситуација во современата македонска уметност да дава слика на многу динамични ликовни движења, отворени кон новите барања на иднината.

Соња Абаџиева Димитрова

## АНАСТАСОВ РОДОЉУБ

Роден во Скопје 1935. Академија за ликовна уметност завршил во Белград. Член на УЛУС од 1963. Студиски патувања: Грција, Италија. Прв пат излагал 1959. Излагал на изложбата „Петмина најмлади" во Скопје 1960. Излагал на колективната изложба на УЛУС 1963. Прва самостојна изложба во Скопје 1966 во Работничкиот Дом—Универзитет, во Трибина младих во Нови Сад 1967. Излагал на есенската изложба на ДЛУМ во Скопје 1966. Добитник на I награда за сликарство на сојузната изложба „Младо ликовно стваралаштво" 1959 во Белград. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Родољуб Анастасов, I-а зграда, III влез, 12 стан, Скопје

## ANASTASOV RODOLJUB

Né à Skopje en 1935. Il a terminé ses études à l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade. Membre d'ULUS depuis 1963. Voyages d'études: Grèce, Italie. Il a exposé pour la première fois en 1959, ensuite à l'exposition „Petmina najmladi" à Skopje 1960, à l'exposition colective d'ULUS 1963. Première exposition individuelle à Skopje 1966 dans Rabotnički Dom—Univerzitet, á Novi Sad dans Tribina mladih en 1967. Il a exposé à l'exposition d'automne de DLUM à Skopje 1966. Obtint le premier prix de la peinture à l'exposition fédérale „Mlado likovno stvaralaštvo" à Belgrade 1959. Vit et travaille à Skopje.

Adresse: Rodoljub Anastasov, I-a zgrada, III vlez, 12 stan, Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. КОМПОЗИЦИЈА | масло | 106 × 160 | 1966 |
| | сопственост на Секретаријатот за култура — Скопје | | |
| COMPOSITION | huile propriété du Sécretariat de culture — Skopje | | |
| 2. ПОСВЕТЕНА НА БРАЗДИТЕ | масло | 110 × 170 | 1966 |
| CONSACRÉE AUX SILLONS | huile | | |

Анастасов Родољуб
„Композиција", масло

## ГЛИГОРОВА ИЛИНКА

Родена 1936 во Кавадарци. Дипломирала на Академијата за ликовни уметности во Белград Учествувала на повеќе групни изложби: во Домот на синдикатите во Белград, графичка изложба во Загреб и како член на ДЛУМ излагала 1964, 1965, 1966. Живее и работи во Скопје.
Адреса: Глигорова Илинка, ул. „Партизанска" бр. 80, Скопје

GLIGOROVA ILINKA

Née à Kavadarci en 1936. Obtint son diplôme à l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade. Elle a participé à plusieurs expositions collectives: dans le Foyer des Syndicats à Belgrade, exposition de gravure à Zagreb et comme membre de DLUM elle à exposé 1964, 1965, 1966. Vit et travaille à Skopje,
Adresse: Gligorova Ilinka, ul. „Partizanska", br. 80, Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. БИОЛОШКА СИЛА<br>FORCE BIOLOGIQUE | масло<br>huile | 94 × 73 | 1966 |
| 4. ВО СФЕРА НА ДУХОТ<br>DANS LA SPHÈRE DE L'ÉSPRIT | масло<br>huile | 89 × 123 | 1966 |

Глигорова Илинка
„Биолошка сила“, масло

## ЕФРЕМОВ КИРИЛ

Роден 1938 во Штип. Академија за ликовна уметност завршил во Белград. Самостојни изложби во Штип 1960 со Биков и 1965, а 1965 и 1966 самостојна изложба на слики и цртежи во Работничкиот Дом—Универзитет во Скопје. Земал учество на групни изложби на Академијата во Белград. Учествувал и на заедничката изложба на штипските ликовни уметници во Битола 1961, и 1966. Во 1966 учествувал на струмичката ликовна колонија. Добил Ноемвриска награда за сликарство од Собранието на општина Штип 1965. Живее и работи во Штип.

Адреса: Кирил Ефремов, ул. „Димо Хаџи Димов", бр. 36, Штип

## EFREMOV KIRIL

Né à Štip en 1938. Il a fait ses études à l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade. Expositions individuelles: exposition avec Bikov à Štip 1960, puis 1965, exposition des peintures à Skopje 1965, exsposition des peintures et dessins dans Rabotnički Dom—Univerzitet à Skopje 1966. Il a participé aux expositions collectives à l'Académie de Belgrade. Expositions collectives: exposition des artistes de Štip à Bitola 1961 et 1966, à „Strumička likovna kolonija" 1966. Il a obtenu le Prix de novembre de la peinture de l'Asemblée de département de Štip 1965. Vit et travaille à Štip.

Adresse: Kiril Efremov, ul „Dimo Hađi Dimov", br. 36. Štip

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. Автопортрет со римската волчица и една камила<br>Autoportrait avec la louve romaine et un chameau | масло<br>huile | 129 × 74 | 1966 |
| 6. Дама со шешир и појава на предзимски сон<br>Dame à chapeau et l'apparence du rêve d'avant l'hiver | масло<br>huile | 92 × 88 | 1967 |

Ефремов Кирил
„Автопортрет со римската волчица и една камила“ масло

## ЈАНКУЛОВСКИ АЛЕКСАНДАР — ЦАНЕ

Роден во Прилеп 1937. Учел во Училиштето за применета уметност во Скопје, на одделот за декоративна скулптура. По завршувањето на училиштето самостојно се определува за сликарство. Прв пат излагал самостојно во Скопје 1961, потоа 1965 пак во Скопје во Работничкиот Дом—Универзитет, 1966 во Уметничката галерија во Битола. Групно излагал во Битола, Куманово, Струмица, Охрид, Ниш, Белград, Суботица, Зрењанин, Нови Сад, Словењ Градец. Загреб, Мостар, Скопје, во Штип 1964 на изложбата „Современа македонска уметност".

Живее и работи во Скопје.

Адреса: Јанкуловски Александар, ул. 461, бр. 12, Скопје

## JANKULOVSKI ALEKSANDAR — CANE

Né à Prilep en 1937. Il a fait ses études à l'École des Arts Appliqués à Skopje à la séction de la sculpture décorative. Après la terminaison de l'École il se détermine tout seul à la peinture. Expositions individuelles: Skopje 1961 et 1965 (dans Rabotnički dom Univerzitet), 1966 dans la galerie Artistique de Bitola. Expositions collectives: Bitola, Kumanovo, Strumica, Ohrid, Niš, Belgrad, Subotica, Zrenjanin, Novi Sad, Slovenj Gradec, Zagreb, Mostar, Skopje et à Štip 1964 à l'exposition „Sovremena makedonska umetnost". Vit et travaille à Skopje.

Adresse: Jankulovski Aleksandar, ul. 461, br. 12, Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. СПОМЕН<br>SOUVENIR | масло<br>huile | 130 × 78 | 1964 |
| 8. ПРВОБИТНОСТ<br>LE PRIMORDIAL | масло<br>huile | 90 × 65 | 1965 |

Јанкуловски Александар — Цане
„Првобитност", масло



## ПЕРЧИНКОВ ДУШАН

Роден 1939 во Скопје. Академија за ликовна уметност и специјалка завршил во Белград 1966. Прв пат излагал 1965 во Белград на Улусовата изложба, а како член на УЛУС учествувал на неговите изложби. 1965 на Октобарскиот салон во Белград, интернационалната изложба во Словењ Градец (по повод дваесетгодишнината од Обединетите Нации) 1965. Имал самостојна изложба во Коларчевиот Народен Универзитет во Белград 1966. Како член на ДПУМ излагал 1966 на есенската изложба на Друштвото. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Перчинков Душан, населба „Пржино", ул. 679, бр. 8, Скопје

## PERČINKOV DUŠAN

Né à Skopje en 1939. Il a terminé ses études avec un cours spécial à l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade 1966. Il a exposé pour la première fois 1965 à l'exposition d'ULUS à Belgrade. Comme membre d'ULUS il a participé à ses expositions, 1965 à Oktobarski salon à Belgrade, à l'exposition internationale à Slovenj Gradec (à l'occasion de 20 ans des Nations Unis 1965). Première exposition individuelle dans Kolarčev Naroden Univerzitet à Belgrade 1966. Membre de DLUM il à exposé à son exposition d'automne 1966 à Skopje.

Adresse: Perčinkov Dušan, naselba „Pržino", ul. 679, br. 8, Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. МОРЕ<br>MER | масло<br>huile | 100 × 106 | 1964 |
| 10. ИМАГИНАРЕН ПРЕДЕЛ<br>RÉGION IMMAGINAIRE | масло<br>huile | 60 × 85 | 1966 |

Перчинков Душан
„Имагинарен предел", масло



## ПЕТРОВСКИ МОМЧИЛО – МОЦО

Роден 1936 во Куманово. Академија за применета уметност и специјалка завршил во Белград 1964. Се бави со таписерии, мозаик и монументална уметност: направил витраж (500 × 200,5 м) во Коларчевиот Народен Универзитет во Белград. Прв пат самостојно излагал 1966 во Работничкиот Дом Универзитет во Скопје. Учествувал на повеќе групни изложби: со ДЛУМ излагал 1965 и 1966, на групни изложби во Штип и Битола со ДЛУМ 1966, на меѓународна изложба во Токио 1966/67. На универзитетската изложба во Белград 1959 добил прва награда за сликарство, 1961 добил I награда за сликарство и II награда за скулптура на универзитетската изложба во Белград, 1962 добил прва награда на Уметничката Академија во Белград, 1962 награда од ДЛУПУМ. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Момчило Петровски, ул. 938, бр. 37, Скопје

## PETROVSKI MOMČILO – MOCO

Né à Kumanovo en 1936. Il a terminé ses études avec un cours spécial à l'Académie des Arts Appliqués de Belgrade, 1964. A part la peinture il pratique aussi la tapisserie, la mozaïque et l'art monumental: il a fait un vitrail dans Kolarčev Naroden Univerzitet à Belgrade (500 × 200,5 m). Première exposition individuelle dans Rabotnički Dom—Univerzitet à Skopje 1966. Il a pris part à plusieurs expositions collectives dans le pays et à l'étranger: avec DLUM 1965 et 1966, aux expositions de DLUM à Štip et Bitola 1966, à l'exposition internationale à Tokyo 1966/67. 1959 il obtint le premer prix de la peinture et II prix de la sculpture à l'exposition universitaire de Belgrade, 1962 II prix à l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade, 1962 prix de DLUPUM. Vit et travaille à Skopje.

Adresse: Momčilo Petrovski, ul. 938, br. 37, Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. ИЗВОР<br>SOURCE | масло<br>huile | 57 × 49 | 1966 |
| 12. ЛЕТО ВО СТОБИ<br>ÉTÉ À STOBI | масло<br>huile | 60,5 × 42 | 1966 |



Петровски Момчило — Моцо
„Лето во Стоби“ масло

## РИСТЕСКА ЕЛЕНА

Родена во Прилеп 1939 година. Студирала на Академијата за ликовна уметност во Белград. Излагала на повеќе групни изложби: Словењ Градец 1965, Прилеп 1966, „НОБ во делата на ликовните уметници" во Белград 1966, на изложбите на ДЛУМ од 1964 наваму, на Струмичката колонија 1966. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Ристеска Елена, ул. 835, бр. 36, Тафталиџе 2, Скопје

RISTESKA ELENA

Née à Prilep en 1939. Elle a fait ses études à l'Academie des Beaux—Arts de Belgrade. Elle a participé à plusieurs expositions collectives: à Slovenj Gradec 1965, Prilep 1966, à l'exposition „NOB u delima likovnih umetnika" à Belgrade 1966, aux expositions de DLUM à partir de 1964, à la Colonie de Strumica 1966. Vit et travaille à Skopje.

Adresse: Risteska Elena, ul. 835, br. 36. Taftaliđe 2, Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13. ОБАЛА I<br>RIVE I | масло<br>huile | 95 × 75 | 1966 |
| 14. ОБАЛА II<br>RIVE II | масло<br>huile | 68 × 95 | 1966 |

Ристеска Елена
„Обала I“, масло

## РИСТЕСКИ АЛЕКСАНДАР

Роден 1937 во Прилеп. Академија за ликовна уметност и специјалка завршил во Белград. Прв пат излагал самостојно 1958, потоа 1965 во Скопје и 1966 во Белград во Коларчев Народен Универзитет со Маневски Стефан. Учествувал на повеќе групни изложби: во Прилеп 1958, 1963, 1965; на Улусовите изложби во Белград до 1963; во Скопје 1960 и 1962; „НОБ у делима ликовних уметника Југославије" во Белград 1962; во Белград со Мирољуб Ѓорѓевиќ; на I Биенале на младите во Ријека 1964; во Словењ Градец 1965 и на изложбите на ДЛУМ. Во иностранство излагал во Рим, Милано, Бари, Торино 1965 и 1966, Студиски патувања во Италија, Франција и Бугарија. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Александар Ристески, ул. 835, бр. 36, Скопје

RISTESKI ALEKSANDAR

Né à Prilep en 1937. Il a terminé ses études et un cours spécial à l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade. 1958 il a exposé pour la première fois. D'autres expositions individuelles: Skopje 1965 et Belgrade avec Stefan Manevski 1966. Il a pris part dans plusieurs expositions collectives: Prilep 1958, 1963, 1965, aux expositions d'ULUS à Belgrade jusqu'a 1963, à Skopje 1960 et 1962, à l'exposition „NOB u delima likovnih umetnika Jugoslavije" à Belgrade 1962, à Belgrade avec Miroljub Đorđević, à la IIIe Biennale des jeunes à Rijeka 1964, à Slovenj Gradec 1965 et aux expositions de DLUM. A l'étranger il a exposé: à Rome, Milan, Bari, Turin 1965 et 1966. Voyages d'études: Italie, France et Bulgarie. Vit et travaille à Skopje.

Adresse: Aleksandar Risteski, ul. 835, br. 36. Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. КАМЕН<br>PIERRE | масло<br>huile | 164 × 110 | 1966 |
| 16. ИЗГОРЕ КРАТОВО<br>KRATOVO A BRULÉ | масло<br>huile | 110 × 164 | 1966 |

Ристески Александар
„Изгоре Кратово“, масло

**ТАШКОВСКИ ВАСКО**

Роден 1937 во Ниже Поле (битолско). Школа за применета уметност завршил во Скопје 1958. Дипломирал на Академијата за применета уметност во Белград 1964 година. Студиски патувања: СССР, Будимпешта. Самостојно излагал во Шибеник 1965 година.

Адреса: Васко Ташковски, ул. „Марксова", бр. 3, Скопје

TAŠKOVSKI VASKO

Né à Niže Pole (bitolsko) en 1937. Il a terminé ses études à l'École des Arts Appliqués à Skopje 1958. Il a obtenu son diplôme à l'Académie des Arts Appliqués à Belgrade 1964. Voyages d'études: URSS, Budapest. Première exposition individuelle à Šibenik 1965.

Adresse: Vasko Taškovski, ul. „Marksova" br. 3, Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. ЧОВЕК ШТО ДАВА СВЕТЛИНА<br>L' HOMME QUI DONNE LA LUMIÈRE | масло<br>huile | 93 × 62 | 1967 |
| 18. БРОДОЛОМНИК<br>LE NAUFRAGÉ | масло<br>huile | 72 × 53 | 1966 |

Ташковски Васко
„Бродоломник“ масло

## ТЕМКОВА АНА

Родена 1943 во Кавадарци. Дипломирала на Академијата за ликовна уметност во Белград. Учествувала на повеќе групни изложби: изложба „Генерација 66" во Белград 1966, Октобарски салон 1966 во Белград, младинска изложба во чест на 25 годишнината од НОБ 1966 во Белград. Како член на ДЛУМ излагала на есенската изложба на ДЛУМ во Скопје 1966. Добитник на сојузна награда за сликарство 1966 во Белград. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Ана Темкова, ул. „Огњан Прица", бр. 26, Скопје

## TEMKOVA ANA

Née à Kavadarci en 1943. Elle a obtinu son diplôme à l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade. Elle a participé à plusieurs expositions collectives: exposition „Generacija 66" à Belgrade 1966, Oktobarski salon à Belgrade 1966, exposition des jeunes à l'occasion de 25 ans de NOB à Belgrade 1966. Membre de DLUM elle a exposé à son exposition d'automne à Skopje 1966. Elle a obtenu le prix fédéral de la peinture à Belgrade 1966. Vit et travaille à Skopje.

Adresse: Ana Temkova, ul. „Ognjan Prica", br. 26, Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19. ПОРТРЕТ<br>PORTRAIT | масло<br>huile | 86 × 73 | 1966 |
| 20. ЗАБОРАВЕНИ ПОРТРЕТИ<br>PORTRAITS OUBLIÉS | масло<br>huile | 132 × 122 | 1966 |



Темкова Ана
„Портрет“,
масло

## ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР

Роден во Кавадарци 1940. Академија за ликовна уметност и специјалка завршил во Белград. Студијски боравок во Франција. Самостојни изложби: 1962 во Домот на ДСВР во Скопје со Наco Беќаровски, 1965 во Коларчевиот Народен Универзитет во Белград, 1965 во Музејот на современа уметност во Скопје, 1966 во Работничкиот Дом во Охрид, 1966 во Работничкиот дом во Скопје. Групни изложби: Изложба на младите во Масариковиот павиљон во Белград 1960, на Октобарски Салон 1963, 1964 во Белград, на Улусовите изложби во Павиљонот на Цвијета Зузорић во Белград, 1963, 1964, 1965 и во Модерната галерија во Љубљана, на изложбата ,,Десет современи македонски уметници" во Народниот Музеј во Охрид 1965, на изложбата ,,Скопје 63 во ликовните дела" во Скопје 1965. Изложувал и свои слики во ,,Galerie 9" во Париз. Се занимава и со пишување на есеи и ликовни критики. Добитник на наградата на весникот ,,Млад борец" во Скопје 1965 г. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Глигор Чемерски, ул. ,,Партизанска", 80/13, Скопје

## ČEMERSKI GLIGOR

Né à Kavadarci en 1940. Académie des Beaux—Arts et cours spécial à Belgrade. Voyage d'études en France. Expositions individuelles: 1962 avec Naso Bećarovski dans Le Foyer de DSVR à Skopje, 1965 dans Kolarčev Naroden Univerzitet à Belgrade, 1965 dans le Musée d'Art Contemporain à Skopje, 1966 dans Rabotnički Dom à Ohrid, 1966 dans Rabotnički Dom—Univerzitet à Skopje. Expositions collectives: exposition des jeunes dans Masarikov Pavillon à Belgrade 1960, à Oktobarski Salon 1963 et 1964 à Belgrade, aux expositions d'ULUS à Belgrade 1963, 1964, 1965, dans Moderna galerija à Ljubljana 1965, à l'exposition ,,Deset sovremeni makedonski umetnici" dans le Musée National d'Ohrid 1965, exposition ,,Skopje 63 vo likovnite dela" à Skopje 1965. Il a exposé aussi ses peintures dans la ,,Galerie 9" à Paris. A part la peinture il écrit des articles et des essais concernant l'art moderne. Il a obtenu le prix du journal ,,Mlad borec" à Skopje 1965. Vit et travaille à Skopje.

Adresse: Gligor Čemerski ul. ,,Partizanska" 80/13, Skopje

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21. КАТАСТРОФА<br>CATASTROPHE | масло<br>huile | 123 × 98 | 1966 |
| 22. ПАНИКА<br>PANIQUE | масло<br>huile | 120 × 90<br>сопственост на Музејот на современа уметност Скопје<br>propriété du Musée d'Art Contemporain Skopje | 1965 |



Чемерски Глигор
„Паника“, масло

## ШЕМОВ СИМОН

Роден 1941 во Кавадарци. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград. Прв пат самостојно излагал во Скопје 1965 (слики и цртежи). Како член на ДЛУМ излагал на неговите изложби во Скопје 1964, 1965 и 1966. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Шемов Симон, ул. 359, бр. 41, Скопје

## ŠEMOV SIMON

Né à Kavadarci en 1941. Il a obtinu son diplôme à l'Académie des Beaux—Arts de Belgrade. Première exposition individuelle à Skopje 1965 (peintures et dessins). Membre de DLUM il a exposé à ses expositions 1964, 1965, 1966. Vit et travaille à Skopje.

Adresse: Šemov Simon, ul. 359, br. 41, Skopje

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | ООВСКИ ЗУЈ II<br>LE BOURDONNEMENT D'OOVO II | масло<br>huile | 140 × 100 | 1967 |
| 24. | ООВСКИ ЗУЈ I<br>LE BOURDONNEMENT D'OOVO I | масло<br>huile | 150 × 80 | 1966/67 |

Шемов Симон
Оовски зуј III, цртеж — гваш

БИБЛИОГРАФИЈА — BIBLIOGRAPHIE


Б. Петковски, Едногодишна панорама на нашата ликовна младост, Млад борец, Скопје, 19. V. 1960.
Б. Петковски, Најмладите пет, Културен живот, Скопје, број 5/6, 1960.
Ј. Мацан, Петмина најмлади, Нова Македонија, Скопје, 14. VI. 1960.
Б. Петковски, Изложба на слики на Цане Јанкуловски, Културен живот, Скопје, број 3, 1961.
—, Средба со енформел, Млад борец, Скопје, 30. III. 1961.
Р. Кузмановски, Априлските изложби во Белград, Нова Македонија, Скопје, 25. IV. 1962.
К. Бујуклиев, Старт и ветувачка перспектива, Студентски збор, Скопје, 15, VI. 1962.
Ташко Саров, Ликовна изложба на двајца студенти, Студентски збор, Скопје, 15. VI. 1962.
В. Урошевиќ, Дражта на истражувањето, Млад борец, Скопје, 14. VI. 1962.
Б. Г., Интерес за фактура, Млад борец, Скопје, 14. VI. 1962.
Чедо Јакимовски, Секоја линија да биде жива, Млад борец, Скопје, 30. IV. 1964.
—, Две изложби: С. Шемов, С. Маневски, Нова Македонија, Скопје, 9. IV. 1965.
Паскал Гилевски, Далечен полузаборавен предел, Нова Македонија, Скопје, 14. III. 1965.
—, Изложба на Александар Ристески, Нова Македонија, Скопје, 20. III. 1965.
О. Спиркоска, Ристески: „Чувствувам потреба да ја затворам изложбата", Нова Македонија, Скопје, 26. III. 1965.
Паскал Гилевски, Недоизразена темна страст, Нова Македонија, Скопје, 30. III. 1965.
Ванчо Ѓорѓиев, Ликовна хроника, Културен живот, Скопје, број 4, 1965.
Паскал Гилевски, Мал квантитет—ист квалитет, Современост, Скопје, бр. 5, 1965.
Паскал Гилевски, Под традиционалното ниво — пролетната изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 16. V. 1965.
П. Гилевски, Раскошна барокна визија, Нова Македонија, Скопје, 21. V. 1961.
Каталог од изложбата на Чемерски во Белград (предговор Стојан Ќелиќ), Белград. 18. VI. —1. VII. 1965.
Јозо Бошковски, Ликовен преглед, Културен живот, Скопје, број 8, 1965.
Х. Кондовска, Уметноста не е приватен проблем на уметникот, Вечер, Скопје, 14. IX. 1965
Каталог од изложбата на Глигор Чемерски во Музејот на современа уметност во Скопје. (предговор Влада Урошевиќ), Скопје, 1. X.—10. X. 1965.
М. Арсовски, Студијата неопходен пристап кон сликарството, Млад борец, Скопје, 7. X. 1965.
Теофил Шулајковски, Глигор Чемерски за прв пат пред скопската публика, Студентски збор, Скопје, 8. X. 1965.
П. Гилевски, Варијации на еден предмет, Нова Македонија, Скопје, 17. X. 1965.
Теофил Шулајковски, Сликарскиот опус—осет за боја, Студентски збор, Скопје, 22. X. 1965.
О. Сп., Неговиот биолошки човек, Нова Македонија, 24. X. 1965.
Б. Варошлија, Белешка кон првата самостојна изложба на Глигор Чемерски, Млад борец, Скопје, 14. XI. 1965.
Ал. Поповски, Предложивме салон на поезијата кај нас, Вечер, Скопје, 6. XII. 1965.
Борис Петковски, Традиција, искуство, современост, Нова Македонија, Скопје, 5, III. 1966.
Каталог од изложбата на Александар Ристески и Стефан Маневски во Коларчевиот Народен Универзитет во Белград, 16. III.—31. III. 1966.
Ал. Поповски, Генерација што ја сака својата уметност, Вечер, Скопје, 17. III. 1966.
Чедо Јакимовски, Глигор Чемерски, добитник на наградата на „Млад борец", Млад борец, Скопје, 17. III. 1966.
—, Награѓен скопски сликар Глигор Чемерски, Политика, Белград, 23. III. 1966.
—, Награда „Младог борца" додељена сликару Глигору Чемерском, Дневник, Нови Сад, 23. III. 1966.
М. Pušić, Manir makedonskih mladih autora, Oslobođenje, Сараево, 27. III. 1966.
В. Ш., Светлината што доаѓа од длабините, Трудбеник, Скопје, 27. III. 1966.
Момчило Стојановиќ, Припадам амбициозној, Младост, Белград, 30. III. 1966.
В. Џ., Два македонска уметника у Београду, 4 јул, Белград, 5. IV. 1966.
Мома Капор, Убавината на поднебјето, Нова Македонија, Скопје. 10, IV. 1966.

Паскал Гилевски, Судир на светло и темно, Нова Македонија, Скопје, 17. IV. 1966.
Глигор Чемерски, Човекот во времето, Вечер, Скопје, 19. IV. 1966.
Марко Арсовски, Солиден почеток, Млад борец, Скопје, 21. IV. 1966.
Паскал Гилевски, Нови тенденции — што е ново во македонската ликовна активност, Студентски збор, Скопје, 27. IV. 1966.
Влада Урошевиќ, Пролеќе и други изложби, Борба, Белград, 30. IV. 1966.
—, Изложба на Родољуб Анастасов, Нова Македонија, Скопје, 1. V. 1966.
К. Ч., Изложба на Цане Јанкуловски во Битола, Вечер, Скопје, 20. V. 1966.
Доне Пановски, Јанкуловски излага во Битола, Нова Македонија, 28. V. 1966.
Каталог од изложбата на Родољуб Анастасов во Скопје, (предговор Борис Петковски), Скопје јуни, 1966.
Каталог од изложбата во Белград на Душан Перчинков (предговор Тодор Стефановиќ), Белград, 2. VI.—15. VI. 1966.
Т. Ш., Изложба на Родољуб Анастасов, Вечер, Скопје, 2. VI. 1966.
Т. Ш., Активната слика на Родољуб Анастасов, Вечер, Скопје, 8. VI. 1966.
П. В., Изложба Драгослава Стојановиќа — Сипа и Душана Перчинкова, Политика, Белград, 11. VI. 1966.
Dubravko Horvatić, Mladenački, ne u pogrdnom smislu, Telegram, Загреб, 22. VI. 1966.
Ђорђе Кадијевиќ, Ренесанса форме, НИН, Белград, 26, VI. 1966.
А. П., Изложба на Чемерски во Охрид, Вечер, Скопје, 8. VII. 1966.
—, Изложба на Глигор Чемерски, Вечер, Скопје, 20. VIII. 1966.
Т. Ширилов, Подготовки за риечкиот биенале, Вечер, Скопје, 31. VIII. 1966.
Каталог од изложбата на Глигор Чемерски во Охрид (предговор Цветан Грозданов), Охрид, август—септември 1966.
—, Изложба на Глигор Чемерски во Скопје, Нова Македонија, Скопје, 10. IX. 1966.
О. Спиркоска, Синтеза на фигуративното и енформелот, Нова Македонија, Скопје, 16. IX. 1966.
С. Димитрова, Македонските ликовни уметници од најмладата генерација, Народна просвета, Скопје, 17. X. 1966.
Соња Димитрова, Резиме на креативните вредности, Мисла, Скопје, 16. XI. 1966.
Паскал Гилевски, Есенската изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 2. XII. 1966.
Соња Димитрова, Есенската изложба на ДЛУМ, Народна просвета, Скопја, XII. 1966.
Влада Урошевиќ, Једна нова генерација, Борба, Белград, 11. XII. 1966.
Boris Petkovski, Rodoljub Anastasov, Umetnost. Белград, бр. 7. 1966.
Živojin Turinski, Stefan Manevski i Aleksandar Risteski, Umetnost, Белград бр. 7. 1966.

издава:
музеј на современа уметност — скопје

предговор:
соња абаџиева димитрова

припрема на текстот:
соња абаџиева димитрова

превод:
соња абаџиева димитрова

поставка на изложбата:
стојан петровиќ

техничка опрема:
стојан петровиќ

фотографии:
киро ѓорѓиев

печатено:
графички завод „гоце делчев“ — скопје